ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 09-150/2**

**Дата: 22.11.2010**

**ДО**

**ДРЖАВЕН СТУДЕНТСКИ ДОМ „ПЕЛАГОНИЈА“ - СКОПЈЕ**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Државниот студентски дом „Пелагонија” – Скопје - сметка на буџетот од самофинансирачки активности, за 2009 година.

За годините кои `и претходат на годината што е предмет на оваа ревизија, не е вршена ревизија.

Ревизијата не изрази мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи, додека за прашањата во врска со усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива ревизијата изрази негативно мислење.

Со ревизијата на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност кај Државниот студентски дом „Пелагонија” – Скопје е констатирано следното:

- Не се почитуваат постапките согласно донесените акти при приемот и вселувањето на студентите во студентските домови и не функционираат органите за подобрување на квалитетот на условите за исхрана и сместување на студентите предвидени со Законот и Статутот (врска точка 3.2.1 до 3.2.3);
- Не се применува сметководственото начело на парично искажување, неажурно и ненавремено се врши книжење на издадените материјали во финансовото сметководство и не е обезбедена одговорност при ракувањето со материјалите, резервните делови и ситниот инвентар (врска точка 3.1.2 и 3.3.1);

- Не се применува норматив за подготовка на јадења по единица производ и не е обезбедена евиденција на произведените и продадени готови производи преку угостителските објекти, поради што не можевме да се увериме во точноста и целосноста на трошоците на производството и приходите од продадени производи и стоки (врска точка 3.3.6);
- Не се евидентираат ненаплатените побарувања од студентите и не се преземаат во целост мерките за наплата на достасаните побарувања од студенти (врска точка 3.3.4 и 3.3.5);
- Се остварува приход од издавање деловен простор под закуп за што самостојно одлучува директорот без донесен акт – одлука од УО и нереална проценка на цената по метар квадратен согласно пазарните услови (врска точка 3.3.7).

Со цел подобрување на состојбата во Државниот студентски дом „Пелагонија” – Скопје ревизијата дава препораки во однос на почитување на критериумите на постојните акти за прием и сместување на студентите за да се обезбеди контрола и подобрување на квалитетот на студентскиот стандард, да се примени соодветно сметководствено начело на парично искажување, да се воведе евиденција за производството и готовите производи, а издавањето на материјалите да се врши согласно донесен норматив. Во деловните книги редовно и навремено да се евидентираат побарувањата од студентите и да се преземаат мерки за нивна наплата, а издавањето на деловен простор да се врши по претходна добиена согласност од МОН и одлука од УО, по реални цени.

Обрнуваме внимание дека во ДСД „Пелагонија” – Скопје, `сеуште престојуваат внатрешно раселени лица (вкупно 30 лица според списокот од Домот) кои го имаат изгубено ваквиот статус согласно известувањето од Министерството за труд и социјална политика од 14.04.2005 година. Овие лица имале обврска да го напуштат Домот, а бидејќи истите не го направиле тоа, Домот бил должен да ги преземе сите активности за нивно иселување. До завршувањето на ревизијата не е решен овој проблем, а според пресметката направена на база на податоците трошоците за оваа намена изнесуваат 3.695 илјади денари на годишно-ниво.

## 1. Вовед

1.1 Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи од страна 20 до 22 заедно со ревизија на усогласеност на Државниот студентски дом „Пелагонија” - Скопје (во понатамошниот текст ДСД „Пелагонија“ - Скопје) - сметка на буџетот од самофинансирачки активности, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на промени на извори на капиталните средства за 2009 година, и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2 Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3 Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Државниот студентски дом „Пелагонија“ – Скопје.

1.4 Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Д-р Исмаил Абази, ВД директор од 24.12.2008 година до 25.09.2009 година,
- Бујар Муртезани, ВД директор од 25.09.2009 година до 11.03.2010 година, од кога е именуван за директор на ДСД „Пелагонија“ – Скопје.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на ДСД „Пелагонија“ - Скопје се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност. Ние не бевме во можност да добиеме доволен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење за финансиските извештаи.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1 Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1 е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа: дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2 Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3 Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања докази коишто ги поткрепуваат износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални

погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Поради прашањата изнесени погоре, ние не бевме во можност да добиеме доволен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување на ревизорско мислење за финансиските извештаи.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 02.06.2010 до 30.07.2010 година кај ДСД „Пелагонија“ - Скопје од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 03.09.2010 година. Нацрт извештајот беше доставен до раководството на субјектот на ден 20.09.2010 година.
Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор број 09-150/65 од 20.09.2010 година.

### 3.1 Интерни контроли

3.1.1 Наодите кои се изнесени во т. 3.1.1. од Извештајот за сметката на основен буџет, во врска со воспоставување на организациска структура и процедури за работа и контрола во ДСД „Пелагонија“ – Скопје, се однесуваат и на сметката на буџетот од самофинансирачки активности.

3.1.2 `Сеуште не е донесено Упатството за движење на финансиските документи во кое се наведени одредени постапки и правила во врска со набавките, реализацијата и движење на службената документација. Приемот и

издавањето на материјалите, резервните делови и ситниот инвентар во текот на 2009 година го вршеле повеќе лица во различни временски периоди, кои што во текот на годината се менувале без записник за попис и извршено примопредавање, при што документите не се потпишани од материјалниот книговодител, ниту од овластено лице за контрола (ликвидатор). ДСД „Пелагонија“ – Скопје нема донесено Правилник за кало, растур и расипување, иако располага со видови на производи – прехранбени артикли кои подлежат на растурање и расипување. Напред наведеното укажува на невоведена внатрешна сметководствена контрола што не е во согласност со чл. 17 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и невоспоставување на правила и процедури за внатрешна контрола што не е во согласност со чл. 7 ст. 1 ал. 6, 14 и 15 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола. Поради наведеното постои ризик од несовесно и незаконско работење од лицата задолжени за ракување со залихите.

**Препорака**

Директорот на ДСД „Пелагонија“ – Скопје да воспостави внатрешна сметководствена контрола, да донесе правила и процедури за контрола и одговорност во располагањето со залихите и евидентирањето на издадените материјали и ситен инвентар да се врши ажурно и навремено во материјалното и финансово сметководство.

## 3.2 Усогласеност со закони и прописи

3.2.1 Со одредбите од чл. 44 од Законот за ученичкиот и студентскиот стандард уредено е во студентските домови да се формира Совет на станари составен од примените студенти во Домот, а работата, бројот на членовите, начинот на избор и организацијата на Советот на станари да се утврди со Статутот на Домот. Советот на станари дава мислење и предлага мерки за подобрување на условите за живеење во Домот.

Во Статутот на ДСД „Пелагонија“ - Скопје не е утврдено кој го врши изборот на членовите на Советот на станари, а оваа надлежност се извршува за секој студентски дом од страна на СПУКИМ, кој ги спроведува изборите, повикувајќи се на чл. 27 од својот Статут. И покрај писменото барање доставено до СПУКИМ во текот на ревизијата, не е обезбедена одлука за составот и бројот на членовите во Советот на станари.

Советот на станари, согласно Статутот, треба да донесе правила за работа на кои согласност ќе даде Управниот одбор, и кои ќе важат и за Советот за исхрана. Меѓутоа, вакви правила за работа не беа доставени поради што

ревизијата не можеше да се увери во нивното постоење. Наведеното влијае на недонесување соодветни мерки за подобрување на условите за живеење во ДСД „Пелагонија“ - Скопје.

**Препорака**

УО на ДСД „Пелагонија“ - Скопје да ја утврди работата, начинот на избор и организација на Советот на станари во Статутот, а Советот на станари да донесе правила за работа на кои согласност ќе даде Управниот одбор.

3.2.2 Во досегашното постоење на ДСД „Пелагонија“ - Скопје нема формирано Совет за исхрана што не е во согласност со чл. 42 и 43 од Статутот, според кој е предвидено членовите во Советот за исхрана да ги именуваат Советите на станари од Домот и да бројат 3 члена од кои два се избираат од редовите на студентите и еден од вработените. Формирањето на ваков орган во студентскиот дом е од посебна важност од аспект на превземање мерки за подобрување на една од основните дејности на ДСД „Пелагонија“ – Скопје – обезбедување на доволна и квалитетна исхрана на студентите во Домот.

**Препорака**

Во наредниот период Советот на станари и стручниот колегиум на ДСД „Пелагонија“ - Скопје да го формира Советот за исхрана согласно Статутот на студентскиот дом и истите да ги извршуваат своите задачи согласно правилата за работа кои треба да се донесат.

3.2.3 УО на ДСД „Пелагонија“ - Скопје нема донесено план за прием на студенти за учебната 2008/09 и 2009/10 година што не е во согласност со чл. 39 ст. 1 ал. 6 од Законот за ученичкиот и студентскиот стандард. Сместувањето во студентскиот дом во месец септември за учебната 2008/09 и 2009/10 година го вршеле тројца претставници од СПУКИМ, а не претставници од комисијата за прием формирана од МОН. За конечниот прием на студентите Домот нема информации, поради што постои можност од вселување на студенти кои не се на конечната ранг листа, објавена на интернет од МОН. Раководителот за сместување на Домот нема никаква улога во приемот на студентите и нивниот распоред, односно тој ги прима документите, ги прегледува и внесува податоци во станарската книга.

Врз основа на претходно барање од СПУКИМ во учебната 2009/10 година извршено е зголемување на бројот на легла за 150 места. Изборот и сместувањето на дополнителниот број на студенти е направен по доставен список на лица, а во одделни случаи и наведен број на соба, за 147 студенти,

потпишан од страна на претседателот на СПУКИМ. Ваквиот начин на вселување на студенти не е во согласност со чл. 18 и 23 од Правилникот за начинот и постапката за прием на студентите во државните студентски домови и Законот, и има за ефект неосновано вселување на студенти по субјективно одлучување на едно лице без почитување на правилата за рангирање според предвидени критериуми со што се загрозува студентскиот стандард.

**Препорака**

УО секоја учебна година да донесува план за прием на студенти во студентскиот дом, а директорот на ДСД да го извести МОН за нерегуларноста на приемот и да побара одговорност за ваквата состојба.

3.2.4 Директорот на ДСД „Пелагонија“-Скопје, за учебната 2008/09 и за учебната 2009/10 година нема изготвено и доставено на УО, предлог цени за сместување и исхрана на студентите во Домот, врз основа на извршена анализа на податоците за реалните трошоци во Домот, што не е во согласност со чл. 37 ст. 1 и чл. 39 ст. 1 ал. 7 од Законот за ученичкиот и студентскиот стандард и чл. 47 од Статутот. УО на ДСД е должен предлог цените по нивно усвојување да ги достави до МОН, а според чл. 37 ст. 1 од Законот, МОН е должно да ги извести и да донесе акт – решение за утврдување на ценатаземајќи го предвид предлогот на УО. Ваквиот начин на работење не е во согласност со чл. 37-б од Законот за буџетите и може да има влијание на висината на остварениот приход од студентите.

**Препорака**

Директорот на ДСД „Пелагонија“ – Скопје, да изготвува и доставува до УО, предлог цени за сместување и исхрана на студентите во Домот, врз основа на реални трошоци, а по нивното усвојување да бидат доставени на рзгледување до МОН.

3.2.5 Цените на трговските стоки во продавницата се утврдени со ценовници потпишани од раководителот на Секторот за исхрана, со дата од 23.08.2009 и 23.09.2009 година. Овие ценовници не се донесени од УО на ДСД што не е во согласност со чл. 24 ст. 1 ал. 7 од Статутот. Исто така, за цените кои се применуваат во бифето кое работи на комерцијална основа и врз основа на кои во 2009 година е остварен приход во износ од 2.667 илјади денари, не е донесена одлука од УО што не е во согласност со чл. 24 ст. 1 ал. 7 од Статутот.

Поради наведеното постои можност од субјективно формирање на цените на услугите што влијае на објективноста на остварениот приход.

**Препорака**

УО да донесе акт со кој ќе ги утврди цените на трговските стоки во продавницата и цените кои се применуваат во бифето.

3.2.6 Наодите кои се изнесени во т. 3.2.2, 3.2.3. и 3.2.5 од Извештајот за сметката на основен буџет, во врска со невоспоставена внатрешна сметководствена контрола, неуредно и неажурно евидентирање на настанатите трансакции во деловните книги и непресметана годишна ревалоризација на материјалните средства за 2009 година, се однесуваат и на сметката на буџетот од самофинансирачки активности.

3.2.7 Наодите кои се изнесени во т. 3.2.4. од Извештајот за сметката на основен буџет, а се однесуваат на нецелосно извршениот попис на материјалните средства, залихите, побарувањата и обврските, и непотполните и неточни пописни листи, поради што ревизијата неможеше да ги потврди позициите во Билансот на состојба за двете сметки, важат и за сметката на буџетот од самофинансирачки активности.

## 3.3 Финансиски извештаи

### Биланс на состојба

3.3.1 Ревизијата констатира неусогласеност на одделни позиции во активата и пасивата во Билансот на состојба на сметката на буџетот од самофинансирачки активности за 2009 година, поради неприменување на сметководственото начело на парично искажување и спроведени несоодветни книжења во деловните книги во изминатиот период. Наведеното не е во согласност со чл. 12, 14, 18 и 19 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и има за резултат необјективно и нереално прикажување на билансните позиции.

**Препорака**

Одговорните лица во Секторот за сметководствено-финансиски работи да извршат корекција на билансните позиции врз основа на спроведени книжења во деловните книги согласно сметководственото начело на парично искажување.

3.3.2 Наодите кои се изнесени во т. 3.3.1 од Извештајот за сметката на основен буџет, во врска со неусогласеност на евиденциите и несоодветно евидентирање на материјалните средства, се однесува и на сметката на буџетот од самофинансирачки активности.

3.3.3 Во текот на 2009 година извршено е зголемување на вредноста на градежните објекти за извршено санирање на студентските соби во износ од 1.696 илјади денари (доградба на зграда А). Според завршната ситуација, покрај градежните работи, набавена е и опрема во вредност од 206 илјади денари, со ддв, којашто во деловните книги не е книговодствено евидентирана. Овие средства не се прикажани ниту со пописот на 31.12.2009 година, бидејќи не е констатиран вишок на основни средства. Од наведеното произлегува дека не е извршен попис на опремата врз основа на фактичката состојба или пак дека опремата воопшто не е примена.

На завршната ситуација нема печат и потпис од надзорен орган бидејќи ДСД нема назначено надзорен орган што не е во согласност со чл. 11 од договорот. Исто така, не е извршен квалитативен и квантитативен прием на стоките и услугите од ДСД преку надзорен орган со проверка на градежен дневник и градежна книга како што е предвидено во чл. 11 ст. 2 од договорот. На местото инвеститор е потпишан помошникот директор, наместо директорот на ДСД, без негово писмено овластување, и на местото на надзорен орган на градежната книга потпишано е истото лице.

Претходно наведеното, не е во согласност со чл. 12, 14, 19 и 21 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и има влијание на објективноста и реалноста на прикажаните билансни позиции во финансиските извештаи, што укажува и на ненаменско трошење на средства.

**Препорака**

Надлежните институции за контрола на наменското трошење на средства кај ДСД „Пелагонија“ – Скопје, (МОН и МФ) да извршат контрола на извршените градежни работи што се однесуваат на санирање на студентските соби, врз основа на фактичката состојба на лице место и споредба со документацијата во сметководствената евиденција.

3.3.4 Во деловните книги се евидентираат само наплатените побарувања од студентите од учебна 2008/09 и 2009/10, врз основа на добиени средства за сместување и исхрана на сметка или во благајна. Во ДСД „Пелагонија“ – Скопје има посебна компјутерска програма за евидентирање на

побарувањата од студентите по лица и учебни години вселени во домот, меѓутоа пресметаните и наплатените приходи од студенти во помошната евиденција не се книжат во финансовото сметководство односно во деловните книги и не се врши проверка и усогласување на наплатените станарини од едната и другата евиденција. Поради наведеното, на 31.12.2009 година не се искажани ненаплатени побарувања од студенти по основ на сместување и исхрана во деловните книги и финансиските извештаи – Биланс на состојба со состојба на 31.12.2009 година што не е во согласност со чл. 12, 14, 19 и 22 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и има за ефект нереално и необјективно прикажување на билансните позиции.

**Препорака**

Одговорните лица во Секторот за сметководствено-финансиски работи редовно и навремено да ги евидентираат пресметаните и наплатените побарувања од студентите по основ на сместување и исхрана во деловните книги (финансово сметководство) врз основа на претходна проверка и контрола во помошната евиденција и усогласување на двете евиденции.

3.3.5 На 17-та седница на УО одржана на 10.07.2009 година, по разгледување на уплатите на студентите за сместување и исхрана, за учебната 2008/09 година, донесен е заклучок на УО да се доставаат писмени известувања до сите студенти кои имаат заостанат долг кон ДСД во рок од 10 дена, а доколку студентите не постапат согласно известувањето во предвидениот рок, да се постапи согласно договорот односно да се активираат мениците. По овој заклучок ревизијата не доби информации и докази за постапување, ниту пак дали се поднесени предлози за тужби до надлежен суд, освен доставени последни опомени, што не е во согласност со чл. 37-б од Законот за буџетите. Според списоците, рачно изработени од раководителот на секторот за сместување, долгот на студентите за учебната 2008/09 година изнесува вкупно 121 илјади денари, а според компјутерската помошна евиденција со состојба на 31.08.2009 година изнесува 643 илјади денари што укажува на неусогласеност на податоците. Ненавременото поднесување на тужби за наплата по судски пат може да доведе до застарување на долгот согласно чл. 360 од Законот за облигационите односи, а ефектот е ненаплатен приход на јавната установа од вршењето на дејност од јавен интерес.

**Препорака**

Одговорните лица во Секторот за сместување редовно и навремено да подготвуваат и доставуваат доказен материјал, за побарувањата од студенти кои не се наплатени во законскиот рок, до Секторот за општи и правни работи преку претходна контрола во Секторот за сметководствено-финансиски работи.

3.3.6 Ревизијата не доби релевантни докази за да ја потврди реалноста и објективноста на издадените количини на прехрамбени артикли во вредност од 27.060 илјади денари и количината на произведени и продадени готови производи во студентскиот ресторан и бифето, поради следното:

- Во деловните книги не се спроведени соодветни книжења за процесот на производство и подготовка на храна во производните места, односно издавањето на материјалите дадени во обработка и доработка не се евидентираат преку производство и готови производи на соодветните сметки, што не е во согласност со чл. 40 и 41 од Правилникот за содржината на конта во контниот план за буџетските корисници и чл. 12 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.
- Задолжувањето и раздолжувањето на студентскиот ресторан и бифето кое е од отворен тип, се врши само материјално, врз основа на требуваните продукти, при што требовањата не се изготвени на база на дневно мени и според норматив за подготовка на јадења. Не се врши вредносно задолжување и раздолжување врз основа на изработени калкулации за вкупно приготвена и издадена, односно продадена храна.

Поради неприменување на нормативот на јадења во кој се содржани потребните артикли за подготовка на единица производ, ревизијата не можеше да се увери во реалноста и објективноста на издадените материјали за производство на готовите производи, а со тоа и во количината на произведени и продадени готови производи. Ваквата состојба има влијание на реалноста и објективноста на прикажаните залихи на материјали и готовите производи и остварените приходи од продажба.

**Препорака**

Одговорните лица во Секторот за сметководствено-финансиски работи да воведат сметководствена евиденција за производството на јадења и готовите производи, а издавањето на материјали да се врши согласно норматив како основа за потрошените суровини и материјали и утврдување на бројот на произведените готови производи.

**Биланс на приходи и расходи**

3.3.7 Во деловните книги за 2009 година искажан е приход од закупнини во износ од 414 илјади денари, врз основа на договори за издадени простории под закуп на правни лица, при што се констатирани следните неправилности:

- За издавањето на деловен простор под закуп ДСД нема добиено одобрение од страна на МОН, а во изминатиот период и во 2009 година се склучени договори за закупнини по цени кои се определени од директорот на ДСД, без претходно одобрување од УО на ДСД, што не е во согласност со чл. 24 ст. 7 од Статутот.
- Во 2007 година склучен е договор со приватна фирма за користење на простории под наем со цел да послужи за реализација на проектот „Во здраво тело, здрав дух“ наменет за студентите во студентскиот дом, со времетраење од 15 години, до 25.09.2022 и месечен надомест од 2 илјади денари зголемен за ддв, со што би се надоместиле трошоците за парно греење и струја за сите простории. Во 2009 година со извршената ревизија од МФ – Сектор за ЈВФК констатирано е дека се работи за просторија од 230 м.кв, поткровен простор, во кој е сместен клуб кој го посетувале не само студенти, туку и надворешни лица. Ова укажува дека клубот не е од затворен тип туку има и комерцијален карактер при што сопственикот остварува сопствени приходи, а вкупните трошоци за парно греење и струја ги покрива ДСД. Со ваквото работење се врши ненаменско и незаконско трошење на државни средства во корист на приватно правно лице.

  И покрај донесената одлука од УО за раскинување на договорот со закупецот, директорот на Домот склучил анекс договор од 13.10.2009 година, со што постапил спротивно на чл. 31 ст. 2 ал. 3 од Статутот. Според овој анекс договор просториите се даваат на користење на 5 години, до 1.10.2014 година, со месечна закупнина од 25 илјади денари во која се вклучени трошоците за парно греење и потрошена вода.
- Во 2008 година склучен е договор со приватна здравствена ординација за закуп на деловни простории, 3 канцеларии со вкупна површина од 74,61 м кв во објектот на ДСД, за време од 4 години со месечна закупнина од 5 евра по м кв, зголемено за ддв што изнесува 440 евра односно 27 илјади денари месечно. Во цената не се вклучени комуналните услуги, па согласно чл. 4 од договорот, закупецот има обврска да ги плаќа овие трошоци сразмерно и процентуално според користената површина. Во 2010 година со истиот

закупец склучен е нов договор од 11.01.2010 година за закуп на простор од 58 м кв (2 канцеларии) за време од 4 години, со закупнина од 24 илјади денари, во која цена се вклучени и трошоците за електрична енергија, парно греење и вода. Цената е утврдена од директорот на Домот, без реална проценка на закупнината за издадениот простор.

- Во 2009 година склучен е договор за издавање на деловен простор (стара портирница) која ќе служи за фотокопирница, во времетраење од 3 години, со месечна закупнина од 100 евра со ддв односно 6 илјади денари, во која се вклучени и трошоците за парно греење, ладење, вода, одржување, услуги за чистење, при што не е регулирано на кој начин ќе се надоместуваат трошоците за електрична енергија.
- Во 2009 година склучен е договор за издавање на деловен простор за интернет кафе, во времетраење од 3 години, со месечна закупнина од 12 илјади денари, во која се вклучени и сите комунални услуги.

Ваквиот начин на работење со самостојно одлучување на директорот на Домот без донесен акт – одлука од УО и утврдени пазарни цени за закупнини со вклучени комунални услуги во надоместот, влијае на висината на остварениот приход на Домот и зголемување на трошоците за комунални услуги, за сметка на стекнување имотна корист од приватни лица.

Ревизијата не доби компетентни и релевантни докази за да ја потврди реалноста и објективноста на евидентираните побарувања и остварениот приход од закупнини во деловните книги, што не е во согласност со чл. 12 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, чл. 18 од Законот за облигациони односи, чл. 37-б од Законот за буџетите и чл. 48 до 53 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост.

**Препораки:**

- Одговорните лица во ДСД „Пелагонија“ - Скопје да не издаваат простории под закуп без претходно добиена согласност од МОН.
- По добиената согласност од МОН, да се изврши реална проценка на цената за издавање на простор по метар квадратен и спроведување на постапка за јавно наддавање.
- УО да донесе акт – одлука со кој ќе ја утврди цената на закупнината со задолжување на закупецот за надомест и на реалните трошоци за комунални услуги.
- Да се изврши ревидирање на склучените договори за издадени простории под закуп согласно Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и Законот за облигационите односи.

3.3.8 Во изминатите години и во 2009 година, ДСД „Пелагонија“ – Скопје нема пресметано и наплатено приходи од штета од причина што УО нема донесено акт за надомест на општата штета, ниту пак се утврдува посебна и собна штета од раководителот на сместување утврдена од комисија што не е во согласност со чл. 12 од Правилникот за утврдување на куќен ред за престој на студентите во ДСД, од декември 2003 година, чл. 12 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и чл. 37-б од Законот за буџетите. Резултатот од ваквиот начин на работење е неостварен приход по основ на надомест на штета од студентите.

Во 2010 година на 25 седница од 25.06.2010 година, УО донел одлука за воведување на еднократен надомест-општа штета во висина од 250,00 денари за секој студент.

**Препорака**

Во наредниот период одговорните лица во ДСД да вршат наплата на надомест–општа штета од студентите согласно донесената Одлука, а раководителот на сместување преку формирана комисија да ја утврдува посебната и собната штета при иселување на студентот од Домот.

3.3.9 При вселување на студентите во студентските домови, согласно чл. 3 од Правилникот за утврдување на куќен ред за престој на студентите во ДСД „Пелагонија“ - Скопје од 2003 година, студентите пополнуваат формулари за сместување, уплата за станарина за првиот месец и одреден износ за културно-забавен живот. Средствата од културно забавен живот (КЗЖ) се уплатуваат на уплатница на сметка на буџетот од самофинансирачки активности – 788. Износот кој го плаќаат студентите е 250,00 денари за што не постои акт со кој е одреден овој износ. Со средствата располага Советот на станари иако нема законски основ ниту во Законот, ниту со Статутот на ДСД. Трошењето на средствата се врши врз основа на донесени одлуки од Советот на станари и доставени фактури за одделни набавки до директорот на ДСД, кој потпишува налог за исплата. Најголем дел од потрошените средства се однесуваат на фактури за набавени пијалоци за организирање на забави за студентите во Домот во студентскиот клуб, во вкупен износ од 171 илјади денари и фактура за извршен превоз Скопје – Охрид – Скопје, во износ од 30 илјади денари. Во одделни случаи нема прилог на барање и одлука од Советот на станари, на одделни фактури нема архивски печат, нема потпис од директорот, нема печат од ликвидатор. Во 2009 година на ваков начин се потрошени 413 илјади денари.

За набавките не се врши контрола и не се води сметководствена евиденција, а трошењето се врши без никаков план или програма, што не е во согласност со чл. 12 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и чл. 37-в од Законот за буџетите. Како резултат на наведеното постои можност од ненаменско трошење на овие средства.

**Препораки:**

- УО да донесе акт со кој ќе ја утврди партиципацијата која согласно Правилникот за куќен ред ја плаќаат студентите за КЗЖ.
- Да се утврди годишна програма на предлог на Советот на станари усвоена од УО, согласно времетраењето на една учебна година за начинот и намената на трошењето на средствата од КЗЖ во која програма ќе имаат увид сите студенти.
- Да се врши контрола од страна на ДСД „Пелагонија“ - Скопје дали средствата се користат согласно утврдената програма и да се воведе сметководствена евиденција на приходот и потрошокот на средствата.

3.3.10 Наодите кои се изнесени во т. 3.3.2 ал. 1, 2, 3 и 5 од Извештајот за сметката на основен буџет, во врска со необезбедени компетентни и релевантни докази за потврда на искажаните расходи по основ на комунални услуги, затоплување, комуникација и транспорт, услуги за користење на мобилна телефонија, поправки и сервисирање на службени возила и угостителски услуги, се однесуваат и на расходите направени од сметката на буџетот од самофинансирачки активности.

## 3.4. Користење на средства согласно законските прописи

### Исплатени средства по договор за дело

3.4.1 Наодите кои се изнесени во т. 3.4.1 од Извештајот за сметката на основен буџет, во врска со неоснованите исплати на средства по договор за дело, се однесуваат и на сметката на буџетот од самофинансирачки активности бидејќи истите се финансираат и од оваа сметка.

### Јавни набавки

3.4.2 Наодите кои се изнесени во т. 3.4.2, 3.4.3, 3.4.4 и 3.4.5 од Извештајот за сметката на основен буџет, во врска со утврдените констатации за неспроведени постапки за јавни набавки, поединечни неправилности во самото спроведување

на постапките за јавни набавки и назначувањето на лица кои треба да ја следат реализацијата на договорите за јавни набавки, се однесуваат и на сметката на буџетот од самофинансирачки активности.

**Вкупни ефекти од наодите**

Врз основа на изнесените наоди во точките 3.1. и 3.3 кои се однесуваат на неприменување на сметководственото начело на парично искажување, неажурно и ненавремено книжење на издадените материјали во финансовото книговодство, необезбедена одговорност при ракувањето со материјалите, резервните делови и ситниот инвентар, неевидентирани ненаплатени побарувања од студентите, непреземени мерки за наплата на достасаните побарувања од студенти, необезбедена евиденција за производство на храна и готови производи и недонесен акт – одлука од УО и утврдени цени за закупнини по пат на самостојно одлучување на директорот на Домот, ревизијата не изразува уверување за реалноста и објективноста на искажаните билансни позиции во Билансот на состојба на ден 31.12.2009 година и Билансот на приходи и расходи за 2009 година.

## 4. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 3.1 и 3.3 од овој извештај, ние не бевме во можност да добиеме достатни, соодветни ревизорски докази за да обезбедиме основа за нашето ревизорско мислење. Согласно на тоа, ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на ДСД „Пелагонија” - Скопје - сметка на буџет од самофинансирачки активности, на ден 31 декември 2009 година.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 3.2, 3.3. и 3.4 од овој извештај, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на ДСД „Пелагонија” - Скопје - сметка на буџет од самофинансирачки активности, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени практики.

**Нагласување на прашања за неизвесност или континуитет**

Обрнуваме внимание на следното:

- ДСД „Пелагонија“ - Скопје има ненаплатено побарување за даден аванс во износ од 3.671 илјади денари за што има поднесено тужба на 14.06.2007 година. За ова побарување воден е судски спор во Основен суд Скопје II Скопје и на ден 30.03.2009 година има донесено пресуда бр. XIV ПС бр.4643/07 во корист на ДСД „Пелагонија“ - Скопје, со која се задолжува тужената страна да му ги исплати на Домот средствата во износ од 3.671 илјади денари заедно со каматата и трошоците за постапката во износ од 152 илјади денари. Побарувањето е евидентирано како даден аванс, но до моментот на вршење на ревизијата средствата не се наплатени, иако предметот е даден на извршител во 2009 година.
- Во ДСД `сеуште престојуваат внатрешно раселени лица (вкупно 30 лица според списокот од Домот) кои го имаат изгубено ваквиот статус согласно известувањето од Министерството за труд и социјална политика од 14.04.2005 година. Овие лица имале обврска да го напуштат Домот, а доколку истите самоволно не го сторат тоа, тогаш Домот бил должен да ги преземе сите активности за нивно иселување бидејќи истите бесправно престојуваат и се на товар на Домот и државата.

  Во 2009 година ДСД има доставено барање од 24.07.2009 година, за иселување на раселените лица до Влада на РМ, МТСП, МОН и МВР, со кое бараат од овие институции да се преземат мерки во рамките на нивните надлежности за решавање на овој проблем, со прилог список на лица. На ова барање добиен е одговор само од МТСП, од 24.08.2009 година, во кое го известуваат ДСД дека, на 10.06.2006 година е донесен заклучок од Влада на РМ со кој МОН и МТСП имаат обврска да ги задолжат своите установи (во кои е и Домот) во кои престојуваат дерегистрираните лица да ги напуштат домовите бидејќи во спротивно ќе ги задолжат со решенија за користење на просториите. Доколку лицата и понатаму не ги напуштат домовите или не ги надоместат трошоците за истите да биде покрената тужба пред надлежен суд. Ревизијата нема сознанија дали задолжените министерства постапиле по наведеното и за лицата кои бесправно престојуваат во ДСД. Исто така, со ова известување МТСП го задолжува ДСД да изнајде правен начин како би можеле да извршат принудно иселување на овие лица од Домот.

  До завршувањето на ревизијата не е решен овој проблем, а според пресметката направена на база на податоците, во Домот се трошат средства во износ од 3.695 илјади денари на годишно ниво.

- Во 2009 година, пред почетокот на учебната 2009/10 година, во ДСД „Пелагонија“ – Скопје изготвен е список на студенти кои имале проблем со дисциплината и плаќањето на надоместокот за сместување и исхрана, на кој се евидентирани 32 лица, од учебната 2008/09 година (неплатени станарини, продавање на место, опомена за и пред отстранување, пријавуван во полиција за кражба, и сл) односно студенти за кои е изречена дисциплинска мерка поради повреда на одредбите од Правилникот за куќен ред за престој во Домот, за кои писмено бил известен Сојузот на студенти при УКИМ. Исто така, директорот донел одлука наредната учебна година да не се примаат 4 студенти по донесени решенија за изречена забрана за користење на услуги во Домот. Согласно чл. 5 од Правилникот за начинот и постапката за прием на студенти во државните студентски домови, за оваа одлука известени се МОН, државната комисија за прием и СПУКИМ, меѓутоа од страна на комисијата при МОН овие лица повторно се примени на конечната ранг листа што не е во согласност со чл. 33 ст. 5 од Законот за ученичкиот и студентски стандард.

Скопје, 16.11.2010 година

| БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2009 година | | |
|---|---|---|
| | | во 000 денари |
| **Опис на позицијата** | **2009** | **2008** |
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 40.305 | 36.917 |
| **Вкупно приходи** | **40.305** | **36.917** |
| | | |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.540 | 3.378 |
| Стоки и услуги | 30.641 | 27.210 |
| Каматни плаќања | 215 | 2.836 |
| Социјални бенефиции | 4.692 | 355 |
| **Вкупно тековни расходи** | **39.088** | **33.779** |
| | | |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 679 | 639 |
| **Вкупно капитални расходи** | **679** | **639** |
| | | |
| **Вкупно расходи** | **39.767** | **34.418** |
| | | |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **538** | **2.499** |
| | | |
| **Даноци, придонеси и други давачки од вишокот на приходи - добивка пред оданочување** | 79 | 323 |
| | | |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **459** | **2.176** |
| | | |
| **Рапоредување на вишокот на приходи - добивката** | **538** | **2.499** |
| Дел од нето вишокот на приходи за пренос во наредна година | 459 | 2.176 |
| Обврски за данок на добивка | 79 | 323 |
| **Вкупно распоред на вишок на приходи** | **538** | **2.499** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2009 | 2008 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 576 | 1.856 |
| Хартии од вредност | 7.370 | 4.827 |
| Побарувања | 3.524 | 1.441 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 3.768 | 3.730 |
| Побарувања од вработените | 73 | 36 |
| Побарувања од државата и други институции | 16 | 7 |
| Активни временски разграничувања | 26.803 | 18.687 |
| Залихи | 2.145 | 1.626 |
| **Вкупно тековни средства** | **44.275** | **32.210** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 28.345 | 28.172 |
| **Вкупно постојани средства** | **28.345** | **28.172** |
| **Вкупна актива** | **72.620** | **60.382** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски по основ на хартии од вредност | 1.183 | 0 |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 13.620 | 8.151 |
| Краткорочни финансиски обврски | 7.322 | 5.081 |
| Обврски спрема државата и други институции | 343 | 0 |
| Обврски за даноци и придонеси од добивката | 6 | 28 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 0 | 233 |
| Пасивни временски разграничувања | 19.488 | 16.939 |
| **Вкупно тековни обврски** | **41.962** | **30.432** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 30.658 | 29.950 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **30.658** | **29.950** |
| **Вкупна пасива** | **72.620** | **60.382** |

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2009 ГОДИНА**

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Состојба 01.01.2009 година** | **28.172** | **1.778** | **29.950** |
| | | | |
| **Зголемување по основ на:** | **2.371** | **32.940** | **35.311** |
| Набавки | 2.371 | 32.599 | **34.970** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | - | - | - |
| Вишок по попис | - | 341 | **341** |
| Ревалоризација на капитални средства | - | - | - |
| | | | |
| **Намалување по основ на:** | **2.198** | **32.405** | **34.603** |
| Отпис на капитални средства | 114 | - | **114** |
| Издадени материјали и резервни делови | - | 32.234 | **32.234** |
| Кусок по попис | - | 164 | **164** |
| Отпис на материјали | - | 7 | **7** |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | - | - | - |
| Амортизација | 2.084 | - | **2.084** |
| | | | |
| **Состојба 31.12.2009 година** | **28.345** | **2.313** | **30.658** |